ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
БР. 01-88/2
25. 07. 2023 год.
НОВАЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

| Примено: | 14.08.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност |
| 03 | 603/1 | | |


Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
**КОМУНАЛНАХИГИЕНА** – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682


| Архивски знак: | 0102 |
|---|---|
| Рок на чување: | 1 год |
| 14.08.2023 год. Новаци | Потпис: |

**ДО:**
Градоначалник на Општина Новаци
Совет на Општина Новаци

**Предмет:** Извештај за работењето на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ - Новаци за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 година

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“ - Новаци, општина Новаци е основано за вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Новаци.

Како главна дејност на Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ - Новаци е Собирање на безопасен отпад, но истото врши и други дејности предвидени со Статутот на претпријатието.

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена “ - Новаци, на ден 30.06.2023 година располага со основни средства и тоа:

- Компјутерски софтвер - Мегасофт
- Компјутерски софтвер ЦФМА - Инфо Биро
- HP Color Laser Jet MFP M479fdw
- Опрема за видео надзор - Гарда Осигурување
- Трактор БТЗ 2048А, марка ХЗТА, со број на шасија 23010256, број на мотор А2902000Б, година на производство 2002 година и боја на каросерија светло-црвена;
- Камион Мерцедес Бенз тип 970.01 со регистарски таблички БТ-479-ДК, година на производство 2003 година, со надградба EFE 222 со година на производство 2010 година;
- Трактор John Deere 5055E со кабина;
- Мулчер Агрина 1,65 м;
- Предна даска за снег (приклучна);
- Лаптоп АСУС
- Моторен тример Спарта;
- Две моторни коси Ф250;
- Моторна пила МС250;
- Телескопска пила;
- Швајц апарат - Stanly;
- Баркод скенер.

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
**КОМУНАЛНАХИГИЕНА** – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

Со одлука од Советот на Општина Новаци бр. 14-123/24,25,26 од 30.01.2019 година, на претпријатието трајно се отстапени патничките возила:

- Volkswagen Golf 5 со број на шасија WVWZZZ1KZ4B022812;
- Daewoo Lanos S-14 со број на шасија SUPTF69YDYW096833;
- Shkoda Felicia со број на шасија TMBEHH61317357039.

Со одлука од Советот на Општина Новаци бр. 14-671/16 од 19.10.2020 година, на претпријатието времено се отстапени следните возила:

- Камион Кипер Рено Д16 со додатоци: плуг за чистење снег и соларка со регистарски број БТ-7298-АЕ;
- Камион цистерна за миење на улици Ивеко Еуро Карго со регистарски број БТ-7287-АЕ;
- Специјална градежна машина ровокопач - Скип со плуг за чистење на снег МСТ 624 со регистарски број БТ-1626-АЕ;
- Трактор Ландини со регистарски број БТ-2214-АД;
- Противпожарно возило Сканија со регистарски број БТ-7570-АБ;

Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена" – Новаци, во наведениот период, комунален отпад подигнуваше во единаесет населени места, каде се отфатени околу 610 корисници.

Во текот на минатата година, проширена е комуналната дејност - Собирање на безопасен отпад и во 4 други населени места и тоа: Бач, Брод, Живојно и Гнеотино.

Неделниот распоред на подигање на смет беше следниот:

| **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|
| Новаци | Гермијан<br>Бач<br>Брод<br>Живојно | Добромири<br>Новаци | Далбеговци<br>Горно Агларци<br>Долно Агларци | Гнеотино<br>Рибарци |

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
**КОМУНАЛНАХИГИЕНА** – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА " – Новаци редовно вршеше рачно и машинско чистење, метење и миење на јавните површини, како што се местата пред јавните установи и други јавни површини од овој вид, редовно се одржуваа чисти патовите, банкините и тротоарите со што се косеше тревата околу истите и се чистеа од отпад и земја.

Косењето и средувањето на зелените површини и парковите и собирањето на ѓубрето од парковите се одвиваше секојдневно на почетокот од работното време како и во деновите кога не се собираше смет, согласно програмата за одржување на јавна чистота за 2023 година на Општина Новаци.

Во период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година во населените места Бач, Брод и Живојно кои се отстапени од Советот на Општина Новаци во 2014 година за одржување на локалниот водовод каде се отфатени околу 160 домаќинства, редовно беше извршувано одржување, санација и хлорирање на истите.

Согласно Статутот и одлуката за формирање на Јавното претпријатие, а по барање на Општина Новаци и жителите на општината, Ј.П.К.Д. „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" – Новаци извршуваше и други услуги од областа на Нискоградба, како што се: санација на шахти и изработка на капаци за истите, санација на локални патишта на територија на Општина Новаци, санација на водоводни мрежи, чистење на одводни и атмосферски канали, санација и сервисирање на одводни канали, поставување на одводни цевки, ископ на ров, ископ на јама, чистење, порамнување и уредување на дворови од цркви, манастири, училишта и други устави, монтажа со одржување на монтажни брани, чистење на брегови од вегетација, ископ на краци за приклучоци на канализациона мрежа, монтажа на детски реквизити и слично.

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
**КОМУНАЛНАХИГИЕНА** – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

Во период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година остварени се следните приходи и расходи:

| **ПРИХОДИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Конто** | **ДДВ** | **Опис** | **Износ** |
| **74001** | 5% | Приход од собирање на отпад од физички лица | 539.483,00 |
| **74002** | 5% | Приход од собирање на отпад од правни лица | 237.945.00 |
| **74003** | 5% | Приходи од водоснабдување - физички лица | 148.218,00 |
| **74004** | 18% | Приход од манипулативен трошок | 16.521,00 |
| **74005** | 18% | Приход од продажба на канти | 300,00 |
| **74006** | 5% | Приходи од одржување на Јавна Чистота | 1.647.264,00 |
| **74007** | 18% | Приходи од извршени услуги по ф-ри кон Општина Новаци | 1.071.354,00 |
| **74010** | 18% | Приходи од зимско одржување на локални патишта | 300.000,00 |
| **74012** | 18% | Приходи од правни лица по ф-ри | 28.414,00 |
| **76720** | 0% | Приходи од субвен. од О.Новаци за одржување на локални водоводи | 370.422,00 |
| **76800** | 0% | Отпис на обврски од поранешни години | 5.265,00 |
| **76940** | 0% | Приходи по судски решение | 878,00 |
| **77900** | 0% | Останати финансики приходи-субвенционирање О.Н | 1.200.000,00 |
| | | **Вкупно приход со 0% ДДВ** | **1.576.565,00ден.** |
| | | **Вкупно приход со 5% ДДВ** | **2.572.910,00ден** |
| | | **Вкупно приход со 18% ДДВ** | **1.416.589,00ден.** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ:** | **5.566.064,00ден.** |

| **РАСХОДИ** | | |
|---|---|---|
| **Конто** | **Опис** | **Износ** |
| **40001** | Потрошени материјали за тековно одржување | 44.201,00 |
| **40003** | Потрошени канцелариски материјали | 21.335,00 |
| **40004** | Работна облека и средства за заштита на работници. | 3.887,00 |
| **40008** | Потрошени средства за хигиена | 3.212,00 |
| **40200** | Потрошена електрична енергија | 223.847,00 |
| **40201** | Комунал. такса за потрошена електрична енергија | 8.464,00 |
| **40202** | Потрошена електрична енергија ЕСМ продажба | 60.076,00 |
| **40206** | Потрошена нафта | 401.401,00 |
| **40207** | Потрошен бензин за косачки машини | 21.371,00 |
| **40410** | Потрошени резервни делови 18% | 325.842,00 |
| **40420** | Потрошени резервни делови 5% | 18.763,00 |
| **41102** | Трошоци за интернет и фиксен телефон | 17.425,00 |
| **41200** | Услуги за одржување на локални водоводи | 476.340,00 |
| **41300** | Услуги за тековно одржување на нематериј.средства | 4.944,00 |
| **41310** | Услуги за одржување на материјалните средства | 96.916,00 |
| **41350** | Услуги за одржување на програмата | 2.000,00 |

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
**КОМУНАЛНАХИГИЕНА** – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

| | | |
|---|---|---|
| **41703** | Огласи во печатени медиуми | 11.638,00 |
| **420** | Вкалкулирана бруто плата | 3.360.004,00 |
| **44410** | Трошоци за репрезентација во земјата | 24.503,00 |
| **44600** | Банкарска провизија | 41.204,00 |
| **44604** | Провизија ПАВ Контакт бизнис 6% | 108.663,00 |
| **44761** | Членарини на здруженија | 6.000,00 |
| **44790** | Лиценци и сертификати | 3.851,00 |
| **44900** | Консалтинг услуги | 9.188,00 |
| **44903** | Адвокатски и нотарски услуги | 41.420,00 |
| **44905** | Услуги за вештачење | 6.800,00 |
| **44908** | Трошоци за договор на дело | 6.666,00 |
| **44990** | Трошоци за судски и администратини такси | 8.000,00 |
| **44993** | Трошоци за Центелен регистар | 2.366,00 |
| **47040** | Камата за кредит Стопанска банка Битола | 140.654,00 |
| **47044** | Камата за даноци | 215,00 |
| **47045** | Камати по фактури добавувачи | 9.283,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **5.510.479,00ден.** |

| **Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А** | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** во период 01.01.2023 година до 30.06.2023 година | 5.566.064,00 ден. |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** во период 01.01.2023 година до 30.06.2023 година | 5.510.479,00 ден. |
| Позитивен финансиски резултат - ДОБИВКА во период 01.01.2023година до 30.06.2023 година | + 55.585 ден. |

Со работата на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена“ – Новаци во период од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, како што се гледа од прикажаната состојба на приходи и расходи е остварен позитивен финансиски резултат - добивка во износ 55.585 денари.

Лице одговорно за составување на

финасискиот дел на извештајот:

**Нешковска Гордана** ____________

**Ј.П. за Комунални Дејности**

**„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“– Новаци**

**В.Д. Директор**

**Стефановски Александар**

Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" • Новаци